HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSİNKİ İNSAN HAKLARI KOMİTESİ

COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA

HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073
St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073
e-mail: helkom@mhc.org.mk web page: http://www.mhc.org.mk

# ДВОМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## АПРИЛ-МАЈ 2014

## СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

- Повреди на правото на протест и јавен собир на здружението на граѓани УНИТ и други
- Повреди на избирачко право за време на вториот круг претседателски и предвремените парламентарни избори
- Негирање на граѓанско-политичките права на членовите на опозициските партии
- Институционален притисок врз медиумите „Телма“ и „24 вести“
- Дваесет и осум инциденти сторени од омраза
- Демонстрации во населбата Ѓорче Петров

ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ

- Полициска бруталност врз малолетни деца Роми

ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

- Примена на новите одредби од Законот за високо образование при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

СУДСКИ СЛУЧАИ

- Државата против Јован Вранишковски и други
- Државата против Дејан Ставриќ
- Товарот на докажување како пречка во судска постапка за дискриминација по основ на политичка припадност
- Улогата на јавниот обвинител во случајот „Монструм“

ЈУНИ 2014

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## ПОВРЕДИ НА ПРАВО НА ПРОТЕСТ И ЈАВЕН СОБИР ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ УНИТ И ДРУГИ

На 09.04.2014, Здружението на граѓани - УНИТ кое ги застапуваат интересите на стечајците во Република Македонија заедно со граѓанското движење „Ленка“ и здруженијата на граѓани „Солидарност“ и „8ми Септември“ протестираа за остварување на барањата на стечајците пред Македонската радио-телевизија (МРТВ), Сојузот на синдикати (ССМ) и Владата на Република Македонија. Во однос на протестот оддржан пред МРТВ, граѓаните беа соочени со голем број на полициски службеници кои го блокираат патот пред влезот на зградата. Единствено беше дозволено претставник на здружението да побара прием кај директорот на телевизијата.

Во текот на протестот пред ССМ, присутниот набљудувач на Комитетот забележа непрофесионално однесување и злоупотреба на службена должност од страна на еден полициски службеник како и ограничување на пристапот до прописно најавеното место за протест пред зградата на Сојузот. Имено, пристигнувањето на граѓаните до зградата на ССМ беше отежнато поради полицискиот кордон кој го обезбедуваше просторот до паркингот пред синдикатот. На претседателката на УНИТ, Љиљана Георгиевска и претставници на неколку синдикати ширум Република Македонија им беше дозволен влез во зградата со цел да ги изнесат своите барања, меѓу кои е и барањето за поддршка од страна на Сојузот.

При заминувањето кон третата локација предвидена во протестот - пред Владата на РМ, Љиљана Георгиевска според нејзините и наводите на очевидците извесен полициски службеник вербално ја нападнал пред присутните велејќи дека не треба да ја следат Георгиевска која земала поткуп. Георгиевска побара од полицискиот службеник да се идентификува со цел таа да поднесе тужба за клевета поради изречените зборови со кои се нарушува нејзиниот углед и достоинство. Полицискиот службеник не се легитимираше по што набљудувачот од Комитетот исто така неколкупати го побара да се легитимира на што тој одговори со молчење. Претставникот на Комитетот го извести полицискиот службеник дека ќе го фотографира со цел да се утврди индентитетот во постапка пред Секторот за внатрешна контрола при Министерството за внатрешни работи. Претставката до Секторот е поднесена и до денот на објавување на овој извештај на истата нема добиено одговор. По овој здружението УНИТ оддржа уште еден протест во месец мај во кој не се забележани нерегуларности од страна на набљудувачот.

## ПОВРЕДИ НА ИЗБИРАЧКО ПРАВО ВО ВТОРИОТ КРУГ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија согласно својата мисија и визија ги следи повредите на избирачкото право на граѓаните. Покрај поплаките на граѓаните, Комитетот ги следеше и говорот на омраза и кривичните дела сторени од омраза со особен интерес за анализа во однос на нивното зголемување или намалување во предизборниот, изборниот и пост-изборниот период. Во однос на повредите на избирачкото право Комитетот констатира дека нерегуларностите од првиот изборен круг не беа надминати ниту во вториот, напротив прекршувањата на избирачкото право се зголемија како и пријавите на граѓаните до канцеларијата на МХК. Комитетот ги разгледа сите пријави на граѓаните и забележа:

- Поплаките на граѓаните за лесно отстранување на мастилото веднаш по гласањето беа присутни и во вториот круг на претседателски и предвремените парламентарни избори. Загрижува податокот дека овие пријави не биле заведувани од страна на избирачките одбори иако граѓаните побарале да се внесе нивната поплака
- Имајќи предвид дека вториот круг на претседателски и предвремените парламентарни избори се одржаа во ист ден, Комитетот доби поплаки од граѓаните дека не биле информирани дека доколку сакаат не мораат да гласаат и за претседатеслките и парламентарните избори односно да го задржат своето право да одбијат да гласаат. Таков е случајот во с. Коњари каде што граѓаните биле враќани од страна на членовите на избирачкиот одбор во изборното место да го дадат својот глас и за предвремените парламентарни избори (пратенички листи).
- Пријава за нерегуларности на избирачките списоци беше поднесена за Општина Шуто Оризари. Поплаката е добиена од страна на политичка партија која што укажа на постоење на различни списоци/имиња на граѓани во списокот на избирачи за претседателските и предвремените парламентарни избори. Оваа практика се потврди и во Кавадарци каде што граѓанин фигурирал на списокот за претседателски но не и за предвремените парламентарни избори со што не можел да го оствари правото на глас.
- Исто така беа пријавени поголеми притисоци од страна на Унијата на млади сили на една политичка партија кои што вршеле проверка на граѓаните во однос на нивното гласање правејќи повреда на тајноста на гласањето како Уставно право на граѓаните. Покрај проверката поднесена е пријава од Комитетот за злоупотреба на избирачкиот материјал и избирачки ливчиња најдени во автомобил кои биле веќе испишани во корист на една партија.
- Злоупотребата на работни места во државните институции е забележана во домот за згрижување на лица „Мајка Тереза“ во скопската населба Злокуќани каде што вработениот не овозможил превоз до изборното место за лице со попреченост поради опозициското политичко мислење на граѓанинот. Со ова вработениот во домот извршил дискриминација по основ на политичко убедување со што граѓанинот не му е овозможено да го практикува своето избирачко право.
- Говорот на омраза беше присутен и во вториот круг на претседателски и истиот се засили за време на кампањата за предвремените парламентарни избори. Изразен беше говорот на омраза по основ на етничка припадност и сексуална ориентација кој беше користен и кон еден од кандидате за претседател. Зачудува податокот дека говорот на

омраза кон албанската заедница и употребата на зборот „шиптар“ беше упатуван кон кандидат за претседател припадник на македонската етничка заедница. Исто така омразата по основ на сексуална ориентација честопати се користеше како алатка за омаловажување и деградирање на кандидатот.

## НЕГИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПОЛИТИЧКИТЕ ПРАВА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОПОЗИЦИСКИТЕ ПАРТИИ

По завршување на предвремените парламентарни избори согласно проценката на опозициските партии во и вон коалиција донесоа одлука за враќање на освоените пратенички мандати поради непризнавање на легитимноста на целокупниот изборен процес или од започнување на кампањата до крајот и по денот на гласање. Опозициските партии посочија на низа нерегуларности од кои дел беа потврдени и од невладините организации и меѓународните организации со мандат за набљудување на изборниот процес како што е мисијата на ОБСЕ/ОИДХР во Скопје. Покрај одлуката за враќање на мандатите, опозициските партии во коалиција најавија граѓански активности за кои во јавниот дискурс се окарактеризираа како противуставни и како активности со кои би се нарушил правниот поредок на државата. Партиите кои ги вратија мандатите, а со тоа и официјално не се составен дел од 123 пратеници во Собранието, најавија низа активности кои се однесуваат на набљудување на работата на Владата на РМ и Собранието надвор од институциите на системот.

За ваквата одлука во јавниот дискурс се отвори дебата од повеќе правни и политички експерти го изнесоа својот став по ова прашање. Меѓу овие ставови беше и тоа дека со ваквио чин опозициската партија СДСМ го урива уставниот поредок и дека доколку реши да учествува во политичкиот живот како политичка партија преку форми на директна демократија ќе биде побарано од Јавниот обвинител да превземе мерки. Комитетот во овие ставови и изјави гледа сценарио кое значително може да ги наруши граѓанските и политичките права на граѓаните, независно од нивниот политички избор за (не)членување во политичка партија.

За таа цел, Комитетот потсетува дека работата на политичките партии кои (не)освоиле место во законодавниот или извршниот дом (Собрание и Влада) е регулирана со Законот за политички партии. Во овој закон независно од тоа дали политичката партија учествува во изборниот процес или не, е регистрирана во Единствениот регистар за политички партии и своите активности ги врши согласно Статут на партијата. За да се регистрира една политичка партија во условите кои се пропишани со овој закон во член 3 каде што недвосмислено е посочено дека политичка партија нема да биде регистрирана доколку програмата, статутот и дејствувањето се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок, поттикнување или повикување на воена агресија, разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Согласно горенаведеното, доколку опозициските партии се одлучат на активности тие мора да бидат согласно нивниот Статут односно како партија единствено можат да превземат активности согласно Законот за политички партии. Воедно, Комитетот

потсетува дека сите членови на партии независно од нивната припадност или позиција во партијата се и граѓани на Република Македонија еднакви во права и обврски. Оттука нивното делување не може и не смее да се сведе единствено како членови на политичка партија, бидејќи секој член на политичка партија првенствено е граѓанин/ка на Република Македонија. Притоа, активностите на граѓаните во или вон партијата не треба да се дискредитираат и делегитимизираа, бидејќи тоа се дел од политичките и граѓанските права на голем број на граѓани согласно Уставот на Република Македонија.

Сите граѓани, индивидуално или како дел од формални, неформални движења, иницијативи, здруженија на граѓани или како членови на политичките партии и имаат право на слободно изразување и здружување со активности кои не го нарушуваат Уставниот поредок на државата. Па така, „Граѓански парламент" и „Влада во сенка" како активности насочени кон набљудување на транспарентност и отчетност на институциите преку веќе пропишани законски норми, со изнесување на јавен став, критика, мирен протест, јавен собир или друг облик на дејствување не можат да го загрозат Уставниот поредок на Република Македонија, напротив тоа е дел од корпусот на човекови права и слободи кои се составен дел од Уставот на Република Македонија со цел да се обезбеди нивна заштита и можно прекршување од било која извршна власт.

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ПРИТИСОК ВРЗ МЕДИУМИТЕ „ТЕЛМА" И „24 ВЕСТИ"

Независната уредувачка политика во контекст на македонската медиумска продукција подразбира критичка и квалитетна содржина во програмата на медиумите, како и рефлектирање на политичките, социјалните, културните и општествените процеси преку автентична медиумска обработка на настаните од тие процеси. Загрозената медиумска слобода, во таа смисла, може да се согледа преку примерот со телевизијата „Телма" каде се врши тенденциозен притисок преку злоупотреба на законската регулатива за работењето на медиумите. Имено, изминатиот период на телевизијата „Телма" и' беа изречени три последователни казнени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои посочуваат на непрофесионалното работење на Агенцијата и зависноста од конкретни центри на политичка моќ. Таквата институционализирана блокада, всушност, најдобро се потенцира со последната мерка која беше изречена од страна на Агенцијата за нееднаков соодност на пуштена забавна и народна македонска музика во текот на седумдневен набљудуван период, и од страна на Агенцијата беше поведена прекршочна постапка со изречување на глоба од 20,000 евра. Во текот на месец мај, телевизијата „Телма" беше три пати казнета по различни основи.

Според Агенцијата, на телевизијата „Телма" народната музика била застапена со 3 часа, 14 минути и 56 секунди, додека пак според внатрешниот мониторинг на „Телма" народната музика била застапена со 4 часа и 15 минути. Постоењето на значителна разлика помеѓу резултатите од мониторингот на Агенцијата и мониторингот на телевизијата „Телма" беше причина за реакција на медиумот со барање за повторно спроведување на анализите и експертизите за мониторингот на емитуваната музика за

дадениот период. Барањето е прифатено од страна на Агенцијата, а резултати се‘ уште нема. Имајќи ја предвид несразмерноста на изречената мерка (20,000 евра), од телевизијата „Телма“ основано ја проблематизираат законската одредба со која се пропишува извесна минутажа за пуштање на народна и забавна македонска музика (Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 92 став 4 и став 6)1, при тоа се врши имплицитен упад во приватното сопственишство и во уредувачката политика на медиумот. Дополнително, од телевизијата „Телма“ сметаат дека со таквата мерка се врши директен политички атак врз медиумот. Во извештајот од контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје („Телма“) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како опис на прекршувањето стои:

„Програмскиот сервис на ТРД ТВ Макпетрол во периодот од 5 до 11 мај 2014 година, не ја почитуваше обврската за процентуалната распределба на емитувана музика во текот на неделата. Во анализираната недела, наместо по најмалку 4 часа забавна и народна вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, емитуваше 3 часа и 14 минути и 56 секунди народна музика, што е спротивно на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.“

Голем број од медиумите во прилозите за случајот со телевизијата „Телма“ и изречената мерка од страна на Агенцијата, истакнаа објективна загриженост за законските решенија и со доза на солидарност ја коментираа негативната последица од таквите решенија во случајот на „Телма“. Меѓу другите медиуми, со таков став настапија телевизијата „24 Вести“ и „Алсат-М“, дневниот весник „Утрински весник“ и „Слободен печат“, порталите „ПлусИнфо“ „Либертас“, неделниците „Фокус“ и „Капитал“.

Останатите две изречени мерки кои се однесуваат на телевизијата „Телма“ во месец мај се заради неетичко одбележување на рекламните спотови на политичките партии, и потоа заради нееднаквост во издвоената минутажа меѓу двете политички опции. Во однос на првата казна, Агенцијата има изречено мерка во износ од 3,000 евра. Но со изречувањето на казната Агенцијата понудила порамнување и со тоа казната се намалила на 1,500 евра. Телевизијата „Телма“ со прифаќање на порамнувањето ја подмирила казната со износ од 1,500 евра. Бидејќи не постои второстепен орган, Агенцијата упатува на можноста на процесуирање преку судска постапка, но решавањето по судски пат значи дека Управниот суд треба да донесе пресуда во рок од 3 дена, а Вишиот управен суд треба да донесе пресуда во рок од 2 дена. Од досегашната практика, може да се констатира дека во случај на вакво експресно одлучување, судот воопшто не одлучува, туку ги потврдува изречените казни.

[1] Посочениот член 92 став 4 (и став 6) гласи:

„Обврски на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија

(4) Телевизиските радиодифузери од општ формат се обврзуваат во текот на неделата да емитуваат најмалку осум часа, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 14 часа, вокално и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% треба да биде забавна вокално и/или вокално-инструментална музика, а 50% народна вокално и/или вокално-инструментална музика.

(6) Радиодифузерите се обврзани најмалку половина од обврската за музика утврдена во ставовите (4) и (5) на овој член да го остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.“

Слична ситуација се забележува и во однос на втората изречена мерка - нееднаквост во издвоената минутажа помеѓу двете политички опции за време на Предвремените парламентарни избори. Значи истата казна во износ од 3,000 евра е изречена и во вториот случај, со тоа што телевизијата „Телма“ поднела жалба до Агенцијата и повторно се согласила на порамнување, при што ја подмирила казната од 1,500 евра. Значајно да се напомене е дека извештајот на СРД е контрадикторен со мерката, затоа што во оценката за издвоената минутажа „Телма“ е оценета како професионална, а во заклучокот се наведува казната за нееднаквост во издвоена минутажа, при што Советот проценил дека „Телма“ издвоила 9 минути повеќе за СДСМ. Во тој правец, се потенцира селективното спроведување на методологијата на Агенцијата во мониторингот, така што преовладуваат квантитативните, а не квалитативните елементи. Оттука, во голема мера беше изоставена анализа на тонот на известување, рамката на известување за конкретни политички субјекти, почитувањето на новинарските стандарди, манипулативната употреба на други материјали при известувањето за политичките субјекти, присуството на говор на омраза или друг абразивен политички говор. Таквата анализа со која се потенцираат квантитативните елементи, впрочем, доведува до погрешни заклучоци и контрадикторност во целината на аналитичките заклучоци. Понатаму, легитимирањето на погрешните анализи, во случајот на телевизијата „Телма“ директно ги нарушува слободата на информирање и правото на изразување.

Во однос на третата изречена мерка, кога Агенцијата поднесе барање за поведување постапки против телевизијата „Телма“ (истовремено и по истиот основ и против Алфа, Алсат-М, Канал 5, Сител) за генералното (не)почитување на одредбата од чл. 75, ст. 1 од Изборниот законик, која реферира на обврската радиодифузерите да ги покриваат изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин, значајно е да се напомене дека во извештајот на Агенцијата е јасна позиционираноста на телевизијата „Телма“ на границата на (не)пристрасноста. Додека други медиуми за кои Агенцијата, исто така, имаше поднесено барање за поведување постапки за генералното (не)почитување на одредбата од чл. 75, ст. 1, биле отворено необјективни во корист на владеачката партија, но таквата разлика во однос на (не)пристрасноста не се одрази во износот на еднакво изречената мерка и износот од 3,000 евра.

Тенденциозноста на Агенцијата, како и непрофесионалното работење на оваа институција, дополнително се согледува и во инститирањето на претседателот на Советот на Агенцијата, без методолошка основа, во првиот извештај да биде додаден параграф кој се однесува само на телевизиите „Телма“ и „24 Вести“. Во изјавата за првичните наоди и заклучоци од набљудувачката мисија за изборите (2014) на ОБСЕ, во однос на телевизијата „Телма“ е забележано:

> *„Приватните ТВ Телма и 24 Вести во своите информативни програми обезбедија поизбалансирано известување на активностите на кампањите на двајцата кандидати, како и сличен сооднос на медиумско покривање на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Додека тонот на медиумското известување на 24 Вести беше во голема мера неутрален, ТВ Телма зазема критички став во медиумското известување за владата и владејачката ВМРО-ДПМНЕ.“*

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија ги проследи демонстрациите кои се одвиваа во населбата Ѓорче Петров на 20.05.2014 година со четири набљудувачи на терен. Немирите започнаа на 19.05.2014 година поради убиство на осумнаесетгодишник од оваа населба и поради мноштвото на дезинформации пласирани во јавноста за тоа што всушност се случило. Имено, според анализираните податоци во медиумите и објавите на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија е јасно дека ова министерство доставило повеќе информации за идентитетот на осомниченото лице кои укажуваат на етничката припадност на осомничениот со што се отвори можност за шпекулации и подгревање на меѓуетничките тензии помеѓу граѓаните од македонската и албанската етничка група. Вакуумот од официјалното известување на МВР до јавноста помеѓу 19.05. и 20.05.2014 отвори простор за креирање на можни сценарија за убиството како и мотивот од кој е сторено ова дело.

Согласно податоците објавени на 20.05.2014 од страна на МВР, момчето починало при обид да спречи кражба на својот велосипед и бил придружуван од родителот при овој обид.[2] Во објавата на официјалното известување на МВР до јавноста идентитетот на осомничениот не може да се утврди. За разлика од официјалното известување, повеќе медиуми се повикуваа на информации добиени од страна на МВР или полициски извори за името и селото во кое живее осомничениот иако официјален став на МВР беше објавен во текот на 20.05.2014. За разлика од официјалниот став на МВР, медиумите на 19.05. веќе имаа податоци за стореното дело, идентитетот на сторителот, како и сигурно сценарио за тоа како и зошто се одвивал овој настан.[3] Сценаријата гравитираа од насилно убиство сторено од повеќе лица со секири, копачи и ножеви па се до тоа дека е убиено осумнаесет годишно момче при обид за спречување на кражба.

Имајќи предвид дека за осомничениот беше пласирана информацијата дека се вика Насер. Е и доаѓа од селото Грчец во кое мнозинството на граѓани се од албанската етничка заедница овозможи да се разгори етничката нетрпеливост па оттука омразата и желбата за одмазда кон албанската заедница беше очигледна во текот на немирите на 20.05.2014 година. Впрочем тоа беше и единствениот мотив за насилството кое се разлеа по улиците на Ѓорче Петров. Како резултат на некоординираното известување до медиумите како и оставениот простор за шпекулации, објавени вести без

---

[2] Дневен билтен на Министерство за внатрешни работи на Република Македонија http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=13525&mid=1367&tabId=358&tabindex=0

[3] Податоци објавени во 21 часот и 35 минути или само неколку часа по убиството и немирите во Ѓорче Петров http://www.telegraf.mk/aktuelno/hronika/152121-ubistvo-vo-gjorce-petrovpriveden-e-ubiecot-na-momceto , http://www.press24.mk/go-ubile-so-sekiri-kopachi-i-nozhevi-poradi-velosiped-detali-za-ubistvoto-na-tinejdzherot-vo-skopje , http://www.press24.mk/tri-nepoznati-lica-ubile-tinejdzher-vo-skopsko-gjorche-petrov , http://kanal5.com.mk/vesti_detail.asp?ID=39821 , кластер на вести од 19.05.2014: http://www.time.mk/c/5c92ec2b12/maturant-ubien-vo-gjorce-petrov.html

потврдени податоци со сценарија за кои Комитетот не може да ја утврди целта придонесоа за ескалација на немирите. Комитетот ги следеше состојбите помеѓу различни навивачки групи на нивните официјални страници и групи како и разговори при подготовката на вториот ден немири. Во голем дел дискусијата помеѓу младите беше насочена кон споделување на неточните информации изнесени во медиумите како и гнев насочен кон целата албанска заедница поради етничката припадност на осомничениот.

Несомнено развојот на настаните и насилните демонстрации кои што Комитетот ги документираше од терен беше јасно дека дезинфомациите како и откривањето на идентитетот на осомничениот придонесоа за пожесток судир меѓу граѓаните и полициските службеници и немири на 20.05.2014 година. Немирите започнаа со собир на група граѓани пред очната клиника во Ѓорче Петров во 17 часот. Групата на демонстранти се состоеше во најголем дел од малолетни лица кои добиваа инструкции за однесувањето внатре во толпата од полнолетни лица. Комитетот во има две забелешки за однесувањето на полициските службеници при справување со демонстрантите освен во еден случај на констатирана прекумерна употреба на сила и приведување на еден граѓанин. Но, Комитетот има сериозни забелешки за полициските службеници при постапување со новинарите кои известуваа од местото на настанот.

Имено, при првиот судир помеѓу демонстрантите и полициските службеници на раскрсницата, дел од кордонот на полициски службеници заостана во обид да приведат околу 5 лица додека нивните колеги ја истиснуваа толпата назад кон населбата Ѓорче Петров. Неколкумината полициски службеници се обидоа да доведат во послушност и да приведат неколку лица при што употребија гумени палки. При овој настан прекумерна сила беше употребена против малолетно лице кое се обидуваше да се оттргне од настаната ситуација. Поради овие причини граѓаните кои ја набљудуваа ситуацијата притрчаа да им помогнат на овие лица по што малата група на полициски службеници беше приморана да ги пушти поради немање доволна поддршка од нивните колеги кои се справуваа со друг дел од толпата. Еден од набљудувачите му пристапи на малолетното лице врз кое беше употребена несразмерна сила. Детето посочи дека не чувствува особена болка и дека не му е потребна лекарска помош.

Во вториот случај при истиснување на толпата во текот на речиси 4 часовните судири, дел од ЕБР се упатија кон една локална продавница од која изнесоа едно лице за кое што според наводите на присутните граѓани е приведено поради навреда на полициски службеник. Наводно лицето гласно изјавило дека ЕБР треба вака да се однесуваат во с. Радуша. При четиричасовното истиснување и растурање на демонстрантите полицијата примени штитови, димни бомби, топовски гранати, гумени палки и физичка сила.

Во однос на други повреди на права до Комитетот се обратија новинарски екипи на неколку дневни и неделни медиуми со тврдење дека сите снимени материјали им се избришани преку привремено одземање на опремата од страна на полициски службеници. Ваквото постапување во моментот на приведување на неколку учесници од протестот е флагрантно прекршување на членот 16 од Уставот на РМ преку кој се

гарантира слободата на јавното информирање, примање и пренесување на информации и се забранува цензурата. Комитетот укажува дека ваквото однесување на полицијата кон медиумите се повторува, а последен пат беше забележано при протестите за заштита на паркот Бристол.

Комитетот уште еднаш потсетува дека не се исполнети условите од член 57 од Законот за полиција бидејќи во него се утврдува дека вакво одземање може да се случи само со наредба на суд или кога за тоа постојат основи за сомневање дека се работи за предмет на кривично дело, прекршок или имотна корист прибавена со кривично дело или прекршок кој може да служи како доказ во постапката, заради заштита на општата безбедност или на лице на кое привремено му е ограничена слободата на движење, а поседува или може да употреби предмет за самоповредување, напад или бегство. Впрочем, во конкретниот случај се работи за своеволно уништување на лична сопственост без за тоа да постои судска одлука.

Како што Комитетот ја извести јавноста, во немирите учествуваа голем број на малолетни лица од различни навивачки клубови кои во голем дел повикуваа на насилство кон албанската заедница со изразен говор на омраза и погрдни зборови. Како резултат на ова однесување учесниците во демонстрациите го насочија говорот на омраза кон дела од омраза преку демолирање, палење и уништување на приватен имот на граѓани од албанската етничка заедница кои живеат или работат во Ѓорче Петров. Ваквото однесување беше забележано во двата дена на демонстрациите.

Комитетот уште еднаш го повторува својот став дека младите не треба да бидат предмет на политичка манипулација, национализам и етно-центризам. Согласно анализите на Комитетот и следењето на говорот и делата сторени од омраза, констатирано е дека тие се најприсутни меѓу младите од македонска и албанска етничка заедница. Комитетот потсетува дека малкуте апели за смирување на тензиите од страна на носителите на извршната власт очигледно но не придонесуваат за спречување на меѓуетничкото насилство. Република Македонија не се справи соодветно со последиците од конфликтот во 2001 година и не презема активности за помирување и зближување на двете заедници, а особено кога станува збор за младите и нивното воспитување и образование во духот на соживот и толеранција наспроти изразениот национализам и пропаганда што се провлекува во училиштата, јавниот простор и семејството.

Помирувањето нема да се случи се додека носителите на јавни функции без оглед на нивната етничка припадност одбиваат заеднички да се издигнат над своите партиски интереси и продолжуваат со националистичката пропаганда која единствено резултира со постигнување на краткорочни политички цели.

## 28 ИНЦИДЕНТИ СТОРЕНИ ОД ОМРАЗА

Во текот на месеците април и мај Хелсиншкиот комитет регистрираше 28 инциденти од омраза. 15 инциденти беа верификувани, а за 13 сè уште се истражува пристрасниот мотив за сторувањето. Големо зголемување на месечна основа е

забележано во месец април кога беа сторени 22 инциденти. Комитетот ги евидентира ваквите инциденти од февруари 2013 година, а оттогаш до извештајниот период на месечно ниво 22 инциденти беа регистрирани само во март 2013 година кога за министер за одбрана беше назначен Талат Џафери. Како и во март 2013 година, така и овој април најголемиот број на регистрирани инциденти беа предизвикани поради политичка и етничка припадност на жртвите и сторителите. Имено, дури 15 од регистрираните инциденти во извештајниот период имаа политичка заднина. Останатите инциденти беа сторени поради различна етничка припадност.

Инцидентите сторени поради различната политичка припадност или уверување се случија за време на изборната кампања за Претседателските и Предвремените парламентарни избори и вклучуваат напади над превозни средства (автомобили и автобуси) што превезуваат учесници на политички митинзи, напад над штабови на политички партии, инциденти помеѓу припадници на активисти на политички партии и уништување на билборди и друг пропаганден материјал. Нападнати беа штабови на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ГРОМ, активисти на ДУИ, но и потпретседателката на политичката партија СДСМ – Радмила Шеќеринска. Најголемиот број на овие напади се случија во Скопје – 12 и по еден во прилепското село Канатларци, Македонска Каменица и Прилеп.

15 од регистрираните инциденти (сите во Скопје) во себе содржеа пристрасна мотивација поврзана со етничката припадност. 4 од овие инциденти беа поврзани со насилни протести во населбата Ѓорче Петров, тепачки (меѓу кои и масовни), каменување на неколку автобуси и еден воз, но и 3 напади со нож во скопските населби Чаир, Аеродром и Железара. Еден од инцидентите кој се случи во населбата Радишани беше снимен од камерата на приватна куќа на припадници на албанската заедница. Според семејството кое живее таму, тие веќе десетина години имаат проблеми со напади над нивниот дом, а полицијата не презема мерки за откривање на сторителите.

# ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ

## ПОЛИЦИСКА БРУТАЛНОСТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИ ДЕЦА РОМИ

На 19.05.2014 година во близина на скопското Кале од страна на полициската единица Алфи пресретнати се две малолетни деца од ромската етничка заедница и запрени поради наводно сомнение за сторено кривично дело кражба. До Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија се обратија „НВО Амбрела" од Шуто Оризари кои биле повикани по настанот заедно со родителите и децата/жртви на полициска бруталност. Во однос на случајот, се работи за полициско постапување по пријава на граѓанка за украдена торба по што ги пресретнала А.С (12) и Б.М (17). Според наводите на родителите на двете деца и сведоци од местото на настанот, полициските службеници веднаш употребиле физичка сила со цел да изнудат признание од двете деца тепајќи ги со тупаници, клоци, влечење за коса и гумени палки. Согласно изјавата на двете малолетни деца и родителите полициските службеници воопшто не разговарале со двете деца туку веднаш примениле

прекумерна сила и по пристигнување на родителите на местото на настанот не дозволиле никаков контакт. Напротив, родителите добиле закани да не се приближуваат до нивните деца со наредба да се оддалечат, грубо и непристојно обраќајќи им се со зборовите „Бегај оттука“ и „Бегај понатаму“.

Родителите ја одбиле наредбата бидејќи не можеле да дозволат нивните деца да бидат тепани пред нивните очи и се пробиле до А.С и Б.М. За кратко време 12 годишниот А.С е вратен кај неговиот татко, видно вознемирен, во солзи и со црвенило на лицето. Таткото на Б.М. побарал од полициските службеници да го пуштат и неговиот син на што добил некоректен одговор од полицискиот службеник кој му се обратил со зборовите „Изгуби се“. За кратко потоа Б.М. е приведен и однесен во полициско возило во непознат правец. Таткото на А.С. веднаш се јавил на дежурната линија на Министерството за внатрешни работи, 192 со цел да пријави полициска бруталност врз малолетни деца. По разговорот со службеникот добил информација дека Б.М. се наоѓа во полициската станица „Центар“. Во оваа полициска станица чекале два часа без никаква информација за детето кое е задржано на распит без присуство на родител или бранител. Според изјавата на Б.М. тој бил испрашуван и тепан. Б.М. не зборува и разбира македонски јазик но тоа не ги спречило полициските службеници да го испитуваат без присуство на преведувач. Имено, Б.М. не можел да одговори на прашањата на полициските службеници затоа што меѓудругото и не ги разбирал.

По овие два часа бил повикан родителот на Б.М. и полициските службеници му се обраќале на многу понижувачки начин, со зборовите „Копиле“ и „Идиот“ и му се закануале со зборовите „Да ја најдеш ташната или ќе те убијам пред татко ти!!!“ Од страв Б.М. го признал делото по што лажно изјавил дека го фрлил на извесна локација во близина на скопското Кале каде што се упатиле тој, неговиот родител и полициските службеници. Торбата не била пронајдена на оваа локација по што е повикан и братот на А.С. во полициска станица. По неуспешната акција и распит, децата и родителите по полноќ ги посетила извесна полициска службеничка и во присуство на бранител кој пристигнал/бил повикан по службена должност им дала на родителите да потпишат два документа. Имајќи предвид дека родителите не ја познаваат правната материја прашале што потпишуваат, дали им треба бранител и дали е тоа некаква пријава против нивните деца. Од бранителот и полициската службеничка добиле одговор дека нема што тие да читаат, овие документи и дека тоа е потврда дека им ги враќаат децата. По потпишувањето децата се пуштени дома без личните предмети и пари на Б.М. одземени при приведувањето. Веќе наредниот ден на Б.М. му се влошила здравствената состојба и е однесен ЈЗУ УК за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје и на ЈЗУ УК за Неврохирургија каде што се констатирани повреди во вид на: во вид на нагмечување на глава, нагмечување во предел на врат, нагмечување на граден кош и гребаници по градниот кош.

Б.М. и А.С. заедно со нивните родители повторно се повикани во полициската станица каде што граѓанката која ја поднела пријавата изјавила дека тие не се сторителите на кражбата односно не ги препознава со што овој случај добива и дополнителна димензија. За таа цел Хелсиншкиот комитет поднесе претставка до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди од кој се бара:

1. Да покрене постапка за утврдување на кривична одговорност на инволвираните полициски службеници кои ги тепале Б.М. и А.С. за Тортура и друго сурово, нечовечно и понижувачко постапување и казнување, бидејќи е повеќе од очигледно дека целта на тепањето било добивање на признание од малолетниците;
2. Да покрене постапка за утврдување на кривична одговорност на оние полициски службеници кои не издале потврда за постапувањето со Армандо; кои му го прекршиле правото на преведувач на Б.М.; кои го тепале и испитувале Б.М. без присуство на родител; и оние кои сурово ги малтретирале, застрашувале, навредувале и понижувале Б.М. и А.С. за Малтретирање во вршење на службата;
3. Да покрене постапка за утврдување на одговорност кај полицискиот службеник кој му ги одзел парите и предметите на Б.М., а за тоа не му издал соодветна потврда, ниту му ги вратил при пуштањето од ПС ОН Центар;
4. Да покрене постапка за проверка на постапувањето на полицискиот службеник кој ја примил пријавата на тел.192 за тепање на деца од страна на полициски службеници (дали е известен СВКПС и сл.); и
5. Да покрене постапка за утврдување на командна одговорност кај раководниот полициски службеник под чиј надзор и контрола биле сторени овие кривични дела и повредни на нормите на полициско постапување.

Воедно во соработка со Европскиот Центар за Ромски Права од Будимпешта обезбеден е и правен застапник.

Комитетот е згрозен од однесувањето на полициските службеници од единицата Алфи во нивното постапување кон малолетни деца кои што не се во можност да се бранат ниту можат да нанесат некаква штета на возрасни полициски службеници. Овој случај не е прв и Комитетот потсетува дека минатата година ја обележи полициската бруталност во населбата Топаана каде што граѓани од ромската етничка заедница беа тепани без никаква причина. Дополнително Комитетот потсетува дека граѓаните од оваа заедница се почесто се соочува со дискриминаторски однос од страна на институциите и граѓаните, а особено се жали на третманот кој го добива од полициски службеници. За таа цел го повикуваме јавниот обвинител да сериозно да се заинтересира за овој случај и да покрене постапка против полициските службеници по повеќе основи согласно Кривичниот законик на Република Македонија.

# СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

## ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ШТИП

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, следејќи ја примената на новите одредби од Законот за високото образование, за кои имавме доста забелешки во минатите годишни извештаи, се обрати до Правниот факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а по претходно барање на

лицето Димитар Апасиев, кој е вработен како помлад асистент на научната област Римско право. При крајот на периодот за негов ре/избор, лицето Димитар Апасиев до матичниот факултет поднел посебно барање со цел да потврди дека огласот за ре/избор за неговото повисоко звање ќе биде во асистент. Наставно-научниот совет донел посебен Заклучок во кој што било наведено дека се согласуваат со писмената аргументација на подносителот и треба да се распише конкурс за научно звање - асистент. Сепак, од Ректоратот на Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, лицето Димитар Апасиев добило известување во кое било наведено дека наредниот избор ќе биде во звањето „асистент - докторант" а не во асистент, како што било наведено во претходно споменатиот заклучок од Наставно-научниот совет на Правниот факултет.

Звањето асистент-докторант не е поповолен за веќе вработените, поради временскиот период на кој се избираат асистентите и асистентите-докторанти. Имено, мандатот на асистентот е „три години со право на уште еден избор" (чл. 134, ст.5 од ЗВО) и тие засноваат работен однос на неопределено време; додека, пак, мандатот на асистент-докторант трае „пет години [без право на реизбор]" (чл. 29 од ЗИД ЗВО/2013, а во врска со новиот чл. 130, ЗВО) и тие засноваат работен однос на определено време, статусот т.е. позицијата на асистент, покрај тоа што е единствено исправна, е и далеку поповолна за веќе вработениот соработник поради фактот дека таа гарантира идно градуирање во повисоко звање доцент, додека, пак, звањето асистент-докторант е само привремено „истражувачко" звање, и по истекот на петгодишниот период работодавачот нема никаква обврска да им го продолжи договорот за работа т.е. да го избира во повисоко наставно-научно [доцентско] звање;

Сакаме да напоменеме дека звањето асистент сè уште постои согласно Законот за високото образование до 15.09.2015, за што со мислење се има произнесено и Министерството за образование и наука, а постои како звање и во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, чл. 19 и чл. 24 од нивниот (Универзитетски гласник на УКИМ бр. 150/13 – 15.VII.2013), додека пак во Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев" Штип не постои.

Цениме дека напредувањето во кариерата е од особено значење и треба да биде овозможено согласно законските прописи, особено кога се однесува на високообразовните институции, како што е конкретниот случај, во кој постои веројатност дека напредувањето нема да се случи согласно можностите во Законот за високото образование. Притоа, потенцираме дека воедначеноста на подзаконските акти на Универзитетите во Република Македонија е од особена важност, не само заради доследно остварување на правата во индивидуалните случаи, туку генерално како принцип иманентен на владеењето на правото, а со тоа и еднаквиот третман кон граѓаните.

## ДРЖАВАТА ПРОТИВ ЈОВАН ВРАНИШКОВСКИ И ДРУГИ

Во текот на 2013 година, г. Вранишковски, заедно со уште 18 други лица (меѓу кои неговата мајка, сестра и вујко, свештени лица, следбеници и поддржувачи на нерегистрираната Православна Охридска Архиепископија) беа обвинети за перење на пари преку здружение на граѓани кое планирало да изгради објект за средби помеѓу верниците. Полициската акција за апсење на обвинетите беше наречена „Расколник" што е еднакво на предрасуда и претставува директна повреда на принципот на пресумпција на невиност на обвинетите. Во јули 2013 година, со неправосилна пресуда на Кривичниот суд во Скопје, г. Вранишковски беше осуден на тригодишна затворска казна, а сите останати обвинети на двегодишна затворски казни која нема да се изврши доколку лицата во рок од пет години не сторат ново кривично дело.
Првостепената пресуда до г. Вранишковски кој во моментов се наоѓа на издржување на претходна затворска казна беше доставена по дури 106 денови, во спротивност на Законот за кривичната постапка кој налага пресудите до обвинетите да се доставатнајдоцна во рок од 60 денови. Првостепената пресуда беше обжалена, а на Апелациониот суд во Скопје му беа потребни повеќе од седум месеци за закажување на јавна расправа во април 2014 година. Кога јавната расправа требаше конечно да се одржи, судот ја одложи за во мај затоа што г. Вранишковски не беше спроведен од КПУ „Идризово". Во мај, управата на затворот, без да го извести судот за причините, повторно не го спроведе обвинетиот.

Со ваквите постапки на Министерството за внатрешни работи, Основниот суд Скопје 1 и КПУ „Идризово" грубо се повредени принципот на пресумпција на невиност и правото на правично судење во разумен рок. Хелсиншкиот комитет смета дека Апелациониот суд во Скопје треба да и укаже на Управата за извршување на санкциите дека судските одлуки имаат задолжително правно важење за оние кон кои се упатени и дека недозволиво е управата на КПУ „Идризово" на двапати да го одолговлекува судењето и да не ги почитува одлуките на судот. Недопустливо е затворите и судовите да немаат блиска соработка, а уште помалку судот за причините за непостапувањето по неговите наредби за спроведување на обвинет да дознава преку медиумите како што се случи во конкретниот случај. Одолговлекувањето на овој судски процес го поткрепува ставот на Хелсиншкиот комитет дека прогонот против Јован Вранишковски и Православната Охридска Архиепископија е со политичка позадина.

## ДРЖАВАТА ПРОТИВ ДЕЈАН СТАВРИЌ

На почетокот на месец мај на веб страницата на Министерството за внатрешни работи беше објавено соопштение преку кое јавноста беше известена за апсењето на лицето Д.С. Соопштението беше насловено „Побарал и примил поткуп од 2.000 евра за да "среди" инвалидска пензија", а беше наведено дека МВР „реализираше случај" за

кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание". МВР извести дека уапсениот е доктор офталмолог сопственик на Приватна здравствена установа-специјалистичка ординација по офталмологија Центар за очни болести ОКО Скопје и вработен во Приватна здравствена установа - Поликлиника за специјалистичко-консултативна здравствена дејност „Корнеа Медика", како и дека претходно бил вработен во Клиниката за очни болести – Скопје.

Преку ваквото постапување, во спротивност на Уставот, иако на индиректен начин, беа посочени лични податоци на уапсениот. Со тоа на суптилен но провиден начин грубо бешпе повредена пресумпцијата на невиност на осомничениот доктор. Имено, иако МВР не го објави името на уапсениот, пресумпцијата на невиност и тајноста на податоците беа повредени преку посочување на неговата професија и квалификации, името на здравствената установа во негова сопственост, неговото претходно и сегашно работно место во точно посочени клиники во Скопје. Преку сите споделени детали, на многу едноставен начин можеше да се дојде до полното име и презиме на уапсениот.

Самиот наслов на соопштението, покрај неговата неумесност, е во спротивност со нормите и правилата кои МВР треба да ги следи и почитува кога во улога на јавен сервис ја известува јавноста. Преку фразата „побарал и примил" се укажа на докажано сторено кривично дело уште пред почетокот на судската постапка. Ниту во еден дел од соопштението не беше споменато дека уапсениот има статус на осомничен ниту дека се работи за основано сомнение за сторено кривично дело. Напротив, МВР ја искористи фразата „реализираше случај за кривично дело" што во контекст на целокупниот текст од соопштението индиректно укажа на веќе докажано сторување на наводното кривично дело.

Судското рочиште за д-р Дејан Ставриќ се одржа на ден 26.05.2012 и се водеше по новиот Закон за кривична постапка, во скратена постапка, но тонско снимање немаше. Главната расправа почна со изнесување на содржината на обвинителниот акт, по што обвинетиот изјави дека не се чувствува виновен. Рочиштето понатаму продолжи со доказна постапка. Прв сведочеше оштетениот/тужителот. Судот го поучи оштетениот дека лажното сведочење е кривично дело. Оштетениот даде заклетва и јавниот обвинител пристапи кон директно испитување. За време на вкрстеното испитување оштетениот не даваше јасни и конкретни одговори, а на половина од работите за што беше прашан не се сеќаваше. Во еден дел главната расправа беше затворена за јавност, а за време на отворената јавна расправа Основното јавно обвинителство не изведе цврсти и несоборливи докази со кои би бил поткрепен обвинителниот акт.

Дејан Ставриќ е обвинет за примање на ветување за примање на паричен износ од 2000 евра за себе и трети лица, односно за кривично дело примање на награда за противзаконито влијание (чл.359, ст.1 од Кривичниот законик). Обвинетиот се терети за примање мито од оштетениот за да му обезбеди решение за инвалидска пензија. Симптоматично е тоа што решението за добивање на инвалидска пензија на оштетениот било донесено на 30.04.2014 година, а д-р Ставриќ е уапсен на 06.05.2014 година, истиот ден кога на оштетениот му е врачено наведеното решение.

Судот по првото и единствено рочиште донесе пресуда со која д-р Ставриќ беше огласен виновен и го осуди на казна затвор од времетраење од една година. Мерката притвор беше укината, а беше определена алтернативна мерка – одземање на патна исправа.

## ТОВАРОТ НА ДОКАЖУВАЊЕ КАКО ПРЕЧКА ВО СУДСКА ПОСТАПКА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОСНОВ НА ПОЛИТИЧКА ПРИПАДНОСТ

Хелсиншкиот комитет заедно со останатите членки на Мрежата за заштита од дискриминација, се јави како замешувач во судската постапка поведена со цел утврдување на дискриминација по основ на политичка припадност. Постапката беше поведена поради разрешување на осум директори од основни и средни училишта, веднаш после промената на локалната власт во општина Гостивар.

И покрај големиот број на докази со кои тужителите сторија веројатно дека во конкретниот слчај е вршена дискриминација од страна на тужените, судот одлучи да не го префрли товарот на докажување на страната на тужените и ја водеше постапката како обична граѓанска постапка во која тужителите треба да ја докажуваат основаноста на тужбеното барање. Впрочем, освен нивниот полномошник – адвокат, тужените воопшто и не беа присутни на главната расправа. Барање и образложение зошто треба да се префрли товарот на докажување на страната на тужените имаше и од страна на полномошникот на замешувачите, но истото не беше прифатено како доволно за да се донесе поинаква одлука во однос на ова прашање.

Сметаме дека судските постапки во кои се бара утврдување на дискриминација не може да бидат третирани на ист начин како и останатите граѓански постапки, поради сензитивноста на предметите, како и поради фактот што во најголемиот број случаи дискриминираните не располагаат со информациите и податоците кои ги има единствено тужениот. Ваквите докази, податоци или пак изјави од тужените, се од особено значење за докажувањето на тоа дали имало или немало дискриминација во конкретниот случај и можат да бидат обезбедени единствено доколку тужениот докажува дека во конкретниот случај не е извршена дискриминација.

Поради специфичноста на случаите на дискриминација и нејзиното докажување во член 38 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е наведено дека ако странката во судска постапка тврди дека согласно со одредбите на овој закон и е повредено нејзиното право на еднакво постапување е должна да ги изнесе сите факти и докази кои го оправдуваат нејзиното тврдење. Докажувањето дека немало дискриминација паѓа на товар на спротивната странка.

Сепак, од досегашното искуство, можеме да констатираме дека оваа одредба не се применува соодветно во судските постапки во кои се бара утврдување на дискриминација и каде тужителот го направил веројатно сторувањето на дискриминацијата. Ова особено го отежнува процесот на докажување на дискриминацијата, и доколку ваквата пракса продолжи и во иднина е многу веројатно дека нема да има многу позитивно решени судски случаи за дискриминација.

## УЛОГАТА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО СЛУЧАЈОТ „МОНСТРУМ“

Една од основните активности преку кои Хелсиншкиот комитет за човекови права ја набљудува и известува јавноста за состојбата со судството во Република Македонија е набљудувањето на судски постапки. Врз основа на ова, Комитетот го набљудува и судскиот процес за случајот „Монструм” (името е дадено од страна на Министерството за внатрешни работи и се користи до денешен датум од страна на медиумите) уште од неговиот почеток. Набљудувачи на Комитетот беа присутни и на давањето на завршните зборови од страна на јавното обвинителство, кои сметаме дека излегоа од законската рамка за концептот на завршни зборови во кривичната постапка.

Поради околностите на случајот – убиените се машки лица од македонската етничка заедница, а петкратното убиство е извршено за време на најголемиот христијански празник Велигден, уште од самиот почеток постеше популаризирање од страна на Министерството за внатрешни работи дека мотивите за петкратното убиство се од етничка и религиозна природа.

Според завршните зборови на обвинителството очигледна е тенденцијата на популаризирање на овој случај во оваа насока, кој обвинителството го квалификува како кривично дело Тероризам. Имено, во завршните зборови обвинителството за мотивот за сторување на кривичното дело наведе „Пораката е - Пукаме на Велики четврток за да ви биде крвав Велигден. Убиваме машки деца за да ви ги уништиме верата и иднината". Ваквиот начин на изразување на мотивите може да се оцени како несоодветен согласно одредбите на Законот за кривична постапка, според кои обвинителството треба да ја изнесе својата оцена на доказите изведени на главниот претрес, потоа ќе ги изложи своите заклучоци за фактите важни за одлуката и ќе го стави и образложи својот предлог за кривичната одговорност на оптужениот, за одредбите на Кривичниот законик, што би требало да се применат како и за олеснувачките и отежнувачките околности што би требало да се земат предвид при одмерувањето на казната.
Истакнувањето на мотивите за сторување на кривичното дело, преку конципирање на реченици како да ги кажале самите обвинети, кои лесно може да предизвикаат страв и несигурност кај населението, лесно може да бидат и мотив за предизвикување на меѓуетнички тензии меѓу двете најголеми етнички заедници во земјава. Од насловите на известувањата на одредени медиуми може да се забележи дека завршните зборови се пренесени како самите обвинети да ги имаат кажано речениците на обвинителството, што особено придонесува за создавање на непријателска и тензична атмосфера, која понатаму може да резултира во меѓуетнички инциденти.

Во период на зголемен број на пријави за говор и инциденти од омраза и кревки меѓуетнички односи, апелираме до обвинителството и медиумите да ги почитуваат професионалните стандарди во нивното работење, да ги надминат тенденциите на влијание на националистичките политики и да не бидат соучесници во предизвикување на меѓуетничка тензија и нетрпеливост, која лесно може да ескалира во сторување на дела од омраза.